МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# *ОПЕРАЦИОНА САЛА, ПОСТОПЕРАТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ХИРУРШКИ ИНСТРУМЕНТИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА*

*ЈЗУ Општа Болница - Охрид*

*LIV HOSPITAL – Istambul (31.01.2015 – 20.02.2015)*

*тедицинска сестра: Стојаноска Валентина*

*Датум на презентација:*

www.moh.gov.mk

# 1. ВОВЕД

-Располага со најнова дигитална технологија и зелени дизајн концепти, 163 кревети за пациенти, 48 поликлиники и консалтинг соби, 8 операциони сали и 22 кревети за интензивна нега. Се протега на површина од 30000 м$_2$ и градба од 9 спратови од кои 3 се над земја а 6 се под земја.



Сите одделенија во болницата имаат еднокреветни соби, опремени по најнови и строги стандарди, кои ги задоволуваат комплетните потреби на пациентите.





Пациентите се сместени во апартмани и за секој пациент има одговорен доктор и одговорна сестра.



Во болницата има 8 операциони сали опремени по најсовремени стандарди со најсуфистицирана опрема. Располагаат со најмодерна апаратура и многу инструментариум кој е неопходен за извршување на сите интервенции.






Liv Hospital располага и со операционен робот *Da Vinci (Robotic Surgery)* со кој се изведуваат сложени минимално инвазивни лапароскопски интервенции со кои се намалува ризикот од крварење и се смалува периодот на постоперативно опоравување.

- При ендоскопска и лапараскопска хирургија се користи веш за еднократна употреба.
- При отворени хируршки интервенции се користи стерилизиран оперативен веш.
- За дезинфекција на оперативно поле се користи исклучиво Betadine 10%, а за хируршко перење на раце се користат бетадински четки за еднократна употреба.





МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.moh.gov.mk

## 2. МИЕЊЕ И ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА ХИРУРШКИ ИНСТРУМЕНТИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА

Стерилизација на веш и инструменти се врши во одделот за стерилизација каде и го поминав најголемиот дел од мојата едукација.

- Во одделот за стерилизација комплетно се мијат, дезинфицираат, пакуваат и стерилизираат инструментите.
- Се пакува и стерилизира вешот, комплетната апаратура и помошни материјали (маски, бебешки шишиња и сл.).
- Одделот располага со 2 автоклави и еден плазма стерилизатор.








- Инструментите и помошните материјали во стерилизација доаѓаат со лифт директно од операциона сала, а нестерилните инструменти од другите оддели се носат во посебен контејнер за таа намена.



- Употребените инструменти од операциона сала во касети се носат во пределот за миење и чистење. Во секоја касета има список за донесените инструменти.



- Пределот за миење има три корита кои располагаат со дестилирана вода.

  - Во првото корито се мијат и ставаат во решетки.

  - Во второто корито се врши ултразвучна дезинфекција. Се става 10-15L дестилирана вода и 150ml дезинфициенс Sekusept plus. Дезинфекцијата трае 10 – 20 минути во зависност од загаденоста на инструментите.

  - Во третото корито инструментите се плакнат со дестилирана вода после извршената дезинфекција.







- Измиените инструменти се ставаат во решетки од машина за дезинфекција, а оние кои се може да се оштетат (инструменти за лапароскопија, ендоскопија и сл) се сушат со компресор и се спремаат за стерилизација. Лицето кое ракува со компресорот носи заштитна облека.





- Кај оптичките инструменти не се употребува ултрасонична дезинфекција, туку само се прскаат со дезинфекционо средство Sekumatik спреј.

- Одделот располага со 2 машини за дезинфекција Getinge – Getinge Grup кои имаат 40 програми на дезинфекција.
- Најчесто се користат:

  - долг програм за дезинфекција на многу загадени инструменти.

  - краток програм за помалку загадени инструменти.











- Дезинфекцијата во машините се изведува кога ќе се постигне температура од 90 C и во исто време се испушта дезинфекционо средство Enzymatic cleaner, а 5 минути пред завршување на програмот се испушта неутрализатор Phosphoric Acid Neutralizer.
- После завршената дезинфекција инструментите се пребришуваат, сортираат, пакоаат и стерилизираат во автоклави или плазма стерилизатор.

www.moh.gov.mk

# 3.ЗАКЛУЧОК

*Престојот во врвна клиника е особено важен и потребен заради стекнување на нови искуства во процесот на работа и начинот на организација. Едукацијата во големите и модерно болнички комплекси ни овозможува согледување на разликите со нашата болничка установа*